ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
03 Су Бр / Nr. 50/22
24.01.2022 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019), Врховниот суд на Република Северна Македонија, со седиште на бул. „Крсте Мисирков“ бр.8 во Скопје, телефон 02/3136-044 и е-маил info@vsrm.mk,, преку службеното лице за посредување со информации од јавен карактер м-р Снежана Димитровска, го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2021 до 31.12.2021)**

1. **Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации**;

м-р Снежана Димитровска, виш судски соработник
е-маил: snezana.dimitrovska@vsrm.mk

**2. Број на примени барања;**

Во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, во Врховниот суд на Република Северна Македонија примени се вкупно дваесет и девет (29) барања за пристап до информации од јавен карактер. Од примените барања дванаесет (12) се поднесени од правни лица додека 17 се поднесени од физички лица.

**3. Број на позитивно одговорени барања;**

Со решение позитивно е одговорено на дваесет (20) барања.

Две (2) барања се препратени до имателите на информациите според содржината на барањето согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за што е испратено известување до барателите.

По три (3) барања поднесени од физички лица кои се однесуваа на конкретни предмети во кои барателите на информации беа странки во постапката, беа испратени по е-маил известувања до подносителите на барањата.

По четири (4) барања за пристап до информации од јавен карактер поднесени од едно физичко лице, кои беа препратени до Врховниот суд од страна на друг суд со повикување на член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на подносителот на барањата му е одговорено со писмено известување со оглед дека барањата се однесуваа на конкретен предмет по кој постапувал Врховниот суд а во кој подносителот бил странка.

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;**

Одбиени и отфрлени барања нема.

**5. Број на неодговорени барања**

По сите барања за пристап до информации од јавен карактер примени во Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на извештајниот период е постапено и одговорено. Неодговорени барања нема.

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);**

Во извештајниот период до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер била поднесена една (1) жалба од физичко лице против Врховниот суд по предмет насловен барање за пристап до информации од јавен карактер, од причина што, како било наведено во жалбата, Врховниот суд не постапил по барањето на подносителот во законски предвидениот рок.

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;**

Нема усвоени жалби со одлука на Агенцијата.

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата**

Нема преиначени одлуки по постапување на Агенцијата.

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање** и

Нема одбиени жалби од Агенцијата.

**10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.**

Во извештајниот период од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер била отфрлена една (1) жалба.

Жалбата наведена во точка 6 од овој извештај, поднесена од физичко лице против Врховниот суд на Република Северна Македонија, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, со решение бр. 08-770 од 22.11.2021 година, ја отфрлила како недопуштена , бидејќи утврдила дека барањето на физичкото лице поднесено до Врховниот суд не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер, туку е барање од надлежност на Судот, со укажување која е целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и дека своите права и приватни (лични) интереси жалителот може и треба да ги остварува пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои се јавува како странка и правна заштита може да бара согласно тие закони.

**УКАЖУВАЊЕ: Согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите", во Прилог на Годишниот извештај, службените лица кај имателите на информации од јавен карактер треба да ги внесат линковите до 22-те категории на документи содржани во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ова Укажување се однесува на имателите на информации од јавен карактер кои имаат веб страници**

1. податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/opsti-podatoci/

2. основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/kontakt/za-sudot/

3. податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго), http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/za-sudiite/

4. основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/kontakt/sloboden-pristap/

5. основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,

6. список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен емаил и службен телефон, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/za-sudiite/

7. законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/opsti-podatoci/

8. прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/opsti-podatoci/

9. органограм за внатрешна организација, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/vnatresna-org/

10. стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации,

11. годишни планови и програми за работа, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/godisen-plan/

12. годишен Буџет и завршна сметка, http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/izvestai/

13. годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот,

14. ревизорски извештај,

15. видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци), http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/formulari/drugi-baranja/

16. тарифници за надоместоци за издавање на реални акти,

17. начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат), http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/kontakt/sloboden-pristap/

18. целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство,
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/za-sudot/javni-nabavki/

19. предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно закон и друго,
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/sudska-praksa/nacelni-mislenja/
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/sudska-praksa/nacelni-stavovi/
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/sudska-praksa/pravni-mislenja/
http://www.vrhoven.sud.mk/VSUD/MatraVSUD.nsf/PravnaPodelba.xsp
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/publikacii/bilteni/
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/publikacii/zbirki/
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/vesti/

20. извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор,
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/izvestai/svi/

21. статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/izvestai/statistika/
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/kontakt/rabotno-vreme/
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/kontakt/posebni-potrebi/

22. други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата.
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/kontakt/odnosi-javnost/
http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/kontakt/portparoli/

**Скопје, 24.01.2022 година**

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
м-р Снежана Димитровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВРХОВЕН СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA SUPREME SHKUP